ОКТА
МЕМО

0201-
23.04.2024

Точка 2
34-та седница на Собранието на Акционери, 23/04/2024

***Предлог***

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 и член 43 став 1 од Статутот на ОКТА АД – Скопје и член 344, член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговските друштва, на својата 34-та седница одржана на ден 23.04.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одборот на директори**

**Член 1**

Како резултат на оставките поднесени до Одборот на директори од страна на следните лица:

1. **г. Дионисиос Роутсис** – неизвршен и независен член и Претседател на Одборот на директори, чиј мандат како член на Одборот на директори престана на ден 23.07.2023 година
2. **г. Даниил Антонопоулос** – неизвршен член на Одборот на директори, чиј мандат како член на Одборот на директори престана на ден 23.07.2023 година и
3. **г. Александрос Тзадимас** – неизвршен член на Одборот на директори, чиј мандат како член на Одборот на директори престана на ден 23.07.2023 година

Собранието ги избира следните лица за членови на Одборот на директори:

1. **г. Дионисиос Роутсис**, Хемиски инженер, пасош бр. AY1149178, адреса ул. Креснас бр. 73, Атина, Грција, **актуелен вршител на должноста член на Одборот на директори**
2. **г. Димитриос Пасхос**, Магистер по меѓународни финансии, пасош бр. AT1724999, адреса ул. Песмазоглу бр. 4а, 14561, Кифисиа, Атина, Грција, како неизвршен член на Одборот на директори, **актуелен вршител на должноста член на Одборот на директори** и
3. **г-ѓа Тхеодора Петроула**, правник-магистер по европско право и магистер по пловидбено, воздухопловно и вселенско право, пасош бр. AY5406475, адреса ул. Вентоури бр. 40, 155 61, Чоларгос, Грција, **актуелен вршител на должноста член на Одборот на директори** како независен член

со мандат во траење од 6 (шест) години сметано од 23.04.2024 година.

**Член 2**

Избраните членови на Одборот на директори имаат право на надомест на патните трошоци и трошоците за сместување поврзани со вршењето на неговата функција, како и на награда согласно применливата Одлука на Собранието за нивното учество во работењето на Одборот на директори.

**Член 3**

Се овластува Адвокатската канцеларија Кимова да поднесе соодветна пријава во трговскиот регистар.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 344 од Законот за трговските друштва, членовите на Одборот на директори ги избира Собранието, со мнозинство гласови од акциите со право на глас од кворумот определен за работа на Собранието, на начин и според условите определени во Статутот, освен ако со Статутот на друштвото не е предвидено поголемо мнозинство. Со Статутот на Друштвото не е предвидено поголемо мнозинство. Согласно член 393 од ЗТД, се смета дека е обезбеден кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со Статутот на Друштвото не е предвидено поголемо мнозинство.

Согласно член 343 од ЗТД, за член на Одборот на директори може да бидат избрани само физички лица кои се деловно способни. Лица против кои е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на друштвото, додека трае таа забрана, не може да биде избрано за член на Одборот на директори.

Согласно член 345 од ЗТД, членовите на Одборот на директори се избираат за период определен со Статутот, а кој не може да биде подолг од шест години. Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани, освен ако со Статутот поинаку не е определено. . Согласно член 43 став 1 од Статутот на ОКТА, членовите на Одборот на директори се избираат од страна на Собранието, со мандат од 6 (шест) години. Со Статутот на Друштвото не е предвидено ограничување на бројот на мандати во кои може да биде избран еден член.

Согласно член 347 став 2 од ЗТД, ако бројот на членовите на Одборот на директори се намали под бројот определен со Статутот, но не помал од минималниот број определен со законот, Одборот на директори може, во рок од 90 дена од денот кога на членот/вите му/им престанала функцијата, да го пополни неговиот состав со избор на вршител/и на должноста член на Одборот на директори, со мандат до наредното собрание. Во текот на 2023 година, 3 (три) члена на Одборот на директори поднесоа оставки, а нивниот мандат заврши на ден 23.07.2023 година. На својот 205 состанок одржан на ден 21.07.2023 година, Одборот на директори избра 3 (три) вршители на должноста член на ОД, чиј мандат започна на 24.07.2023 година, до наредното

Собрание. Предлогот на Одборот на директори е овие 3 (три) вршители на должноста член да биде избрани како редовни членови на ОД.

Согласно член 367 од ЗТД, членовите на Одборот на директори ги избира Собранието, при што се назначува кои членови, од редот на неизвршните членови, се избираат како независни членови.

Согласно член 383 став 1 точка 3 од ЗТД, во надлежност на Собранието, меѓу другото, е изборот и отповикувањето на членовите на Одборот на директори.

Како дел од материјалите за 34-то Собрание на акционери, на акционерите им се направени достапни информации за предложените кандидати за избор на член на Одборот на директори, во согласност со член 344 став 3 и 4 од ЗТД.

Имајќи го предвид горенаведеното, на својот 211 состанок одржан на ден 19.03.2024 година, постапувајќи согласно постапката предвидена во интерните акти на Друштвото и откако потврди дека предложените кандидати ги исполнуваат критериумите предвидени во закон и во Политиката за подобност на Друштвото, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Собранието на акционери.